РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр.12-4269/2

Скопје 02.10. 2018г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14, бр.132/14, бр.142/16 и 132/17), член 26 ставови 2 и 3 и член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр. 12-4269/1 од 28.09.2018 година, од подносителот на барањето Миша Поповиќ, Постар истражувач, Институт за демократија Социетас Цивилис, ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.42А/3, Скопје, донесе:

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ПРЕКИНУВА** постапката по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр. 12-4269/1 од 28.09.2018 година, кое подносителот на барањето Миша Поповиќ, Постар истражувач, Институт за демократија Социетас Цивилис, ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.42А/3, Скопје, на ден 28.09.2018 година го поднесе до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради тоа што се однесува на информација со која имателот не располага.

### О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, од подносителот на барањето Миша Поповиќ, Постар истражувач, Институт за демократија Социетас Цивилис, ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.42А/3, Скопје, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш бр. 12-4269/1 од 28.09.2018 година, со кое се бара информацијата од јавен карактер – биографија или Curriculum Vitae на лицето кое во моментов ја извршува должноста (без разлика дали е во форма на вршител на должност или не) заменик директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата постапувајќи по напред наведеното барање за пристап до информации од јавен карактер, утврди дека не располага со бараната информација од јавен карактер, со оглед дека во Агенцијата не е избран заменик директор на Агенцијата согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14, бр.132/14, бр.142/16 и 132/17), член 26 ставови 2 и 3 и член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14 и 148/15), се донесе заклучок како во диспозитивот.

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

________________________
Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

________________________
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против овој заклучок барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер
- Службено лице при остварување на правото на слободен пристап до информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.